Следењето на известувањето на медиумите на теми поврзани со Локалните избори 2013 е дел од проектот [Мојот избор](#) на МЦМС и ИДСЦС. Агрегирањето на информациите презентирани во него се прави во соработка со порталот Daily.mk. Презентираните податоци се собрани од 62 медиуми кои имаат свои он-лине изданија.

Темите се поделени во пет категории: политички партии, општини (вкл. и градот Скопје), кандидати за градоначалници, теми релевантни за локалниот развој (согласно со законските надлежности на општините) и медиуми.

Објавите се следат и анализираат на дневно ниво, со графички прикази за секој ден од кампањата. Досега беа направени три неделни пресеци на известувањето, **а ова е вкупниот пресек на објавите за локалните избори 2013 кој се однесува на периодот 4-24 март 2013 година.**




Кај објавите во кои се спомнуваат политичките партии во овие три недели имаше благи

варирања. Најмногу застапена во медиумите е ВМРО-ДПМНЕ со 42% од вкупните објави поврзани со локалните избори 2013. ВМРО-ДПМНЕ имаше највисока застапеност во првата недела од предизборната кампања, 46%, која потоа полека се намалуваше до 40% во третата недела. Втора најзастапена е СДСМ со 34%. Застапеноста на СДСМ во медиумите варираше за по 1 процентен поен од недела во недела. И кај ДУИ варирањата беа по еден процентен поен во неделните пресеци, вкупното присуство на крајот од следењето изнесува 8%. Нешто пониско е присуството на ДПА во медиумите и изнесува 5%, колку што било и во првата и во третата недела. За место во седумте најспоменувани се изборија и Достоинство ВМРО-НП со по 2% и НДП со 1%. Достоинство и ВМРО-НП воопшто не се појавија во првите седум во првата недела, а втората ја немаше ни во вториот неделен пресек. Што се однесува до НДП, таа имаше по 2% во првиот и во вториот неделен пресек, а изостана во третиот. На останатите политички партии им останаа 6% од медиумскиот простор.




Кај општините, процентот на известување за седумте најчесто спомнувани изнесува 46%, колку што беше и во првата недела. Потоа во втората се зголеми на 49%, а во третата опадна на 44%. Најмногу се известувало за Скопје 13%, потоа за Центар (9%), Карпош (7%) и за Охрид (5%). Процентуално исто се известувало за Битола, Струмица и Кичево, по 2%. Надвор од Центар и Карпош, ниту една од другите скопски општини никогаш на стигна до седумте општини најинтересни за медиумите. Четири (Центар, Карпош, Струмица и Кичево) од седумте општини и градот Скопје беа константа во сите

три неделни пресеци. Интересот на медиумите повремено ги воведуваше во оваа седумка и општините Куманово и Струга.




Најспоменуваните седум кандидати за градоначалници имаат 34% од медиумскиот простор посветен на локалните избори 2013. Во првиот неделен пресек, седум кандидати за градоначалници имаа дури 45% од просторот. Потоа овој процент се намалуваше во корист на другите кандидати и во третата недела стигна до 32%. Просечно најмногу интерес имало за Андреј Петров и за Коце Трајановски, по 7%, а втората група ја сочинуваат кандидати со по 4% и тоа, Јани Макрадули, Јагнула Куновска, Зоран Заев, Владимир Тодоровиќ и Стевчо Јакимовски. Интересот за кандидатите приближно го следи интересот за општините. По таа логика, Карпош имаше најинтересни кандидати, тројца од нив се најдоа на листата од седум најчесто споменувани во медиумите. Од оваа листа, пет остануваат во игра и во вториот круг од изборите.


25%
20%
15%
7%
6%
6%
5%
16%
Комунални дејности
Транспарентност и отчетност
Спорт и рекреација
Култура
Образование
ИКТ
Локален економски развој
Останати

[illegible]


11%
9%
8%
7%
6%
5%
5%
49%
A1ON
Плус Инфо
Сител
Курир
Sky MK
Maxim
Бриф
Останати

[illegible]